**20110511377**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик,
што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 април 2011 година.

Бр. 07-2039/1
11 април 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Член 1

Во Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" број 40/2006, 136/2008 и 44/11), во членот 68 по зборот "ждрепка" се додаваат зборовите: „и тој број е ист во сите изборни единици, односно општина, а во изборната единица односно општината каде што нема да има свој преставник, соодветниот број на подносителот на листата да биде изоставен и на негово место да биде напишан редниот број на наредниот носител без оставање на празно место".

Член 2

Во членот 87 зборовите: "став (3)" се заменуваат со зборовите: "став (4)".

Член 3

Во членот 175 став (1) во делот Изборна единица 5 пред зборовите: "Општина Дебарца" се додаваат зборовите: "Општина Дебар Избирачките места од 0549 до 0554 Општина Центар Жупа Избирачки места од 0557 до 0571".

Во делот Изборна единица 6 зборовите: "Општина Дебар Избирачките места од 0534 до 0556" се заменуваат со зборовите: "Општина Дебар Избирачки места од 0534 до 0548" и се додаваат зборовите: Општина Дебар Избирачки места од 0555 до 0556".

Зборовите: "Општина Центар Жупа Избирачки места од 0557 до 0571" се бришат.

Член 4

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Изборниот законик.

Член 5

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.